I. **Реализирани активности во рамки на МАТРА Проект “Зајакнување и имплеметирање на јавна внатрешна финансиска контрола на централно ниво“**

1. **Обука „Подготовка на стратешки и годишни планови“**

Обуката е одржана од 21 до 24 јули 2009 година во просториите на Клубот на пратеници – Скопје. На обуката присуствуваа 60 учесници од 25-те пилот институции од централно ниво.

Оваа обука е одржана во јули со цел да придонесе за подобрување на квалитетот на стратешки планови за 2010 година кои согласно Законот за буџетите имаат обврска да ги достават до Министерството за финансии заедно со Предлог буџетите за наредната година до крајот на август тековната година.

Основна цел на обуката беше во стратешките и годишните планови на институциите јасно да се вградат активностите за имплементација на Законот на јавна внатрешна финансиска контрола и основаат и екипираат единиците за финансиски прашања.

Следна цел на обуката беше информирање на учесниците за донесената НПАА 2009 во делот на поглавјето 3.32 Финансиска контрола и усвоените заклучоци и акциониот план за нови вработувања во единиците за финансиски прашања и нивно вградување во стратешките и годишните планови на институциите.

На обуката преку примери од холандската практика беше презентиран начинот на изготвување на SWOT анализа и утврдување на целите во стратешките планови согласно SMART методата.

Во практичниот дел од обуката учесниците изготвија стратешки план со изработката на гап анализа со примери на сегашни и посакувани состојби.